CENTER FOR HUMAN RIGHTS
AMOS
BITOLA

Skoevska 114, 7000 Bitola, Macedonia
phone/fax ++ 389 47 252 307
www.amos.org.mk e-mail: amos@amos.org.mk

# Национален тренинг курс за едукација за човекови права со млади

# "АЈДЕ ДА ГО ПРОМОВИРАМЕ И ДА СЕ ЗАПОЗНАЕМЕ СО МАКЕДОНСКИОТ КОМПАС"

**14-19 ноември 2006**
**Центар за човекови права "АМОС" Битола**

**Презентација**

**Апликација**

**Курсот е финансиски поддржан од и реализиран во соработка со :**

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE
Directorate of Youth and Sport
European Youth Centre Budapest

YOUTH PROGRAMME HUMAN RIGHTS EDUCATION

## Тренинг за едукација за човекови права

Едукацијата за човекови права сфатена како едукациони програми и активности кои се фокусирани на промовирањето еднаквост на човековото достоинство - е од непроценлива вредност во формирањето граѓанство со европска димензија значајно за сите Европјани. Оние кои се вклучени во неформалната едукација во младинската работа би требало да ги земат во предвид развојот, примената и предизвиците на човековите права, со почитување на нивната универзалност, неделивост и неотуѓивост и нивното значење за младите луѓе денес.

Во Македонија, пак, сведоци сме на секојдневно користење на терминот "човекови права" без да се знае вистинското значење и заради тоа често е злоупотребуван. Од искуствата при работата со младинските НВО, добивме сознание дека постои ниско ниво на свесност, активност и разбирање на човековите права кај младите активисти кои работат во НВО- секторот, како и кај наставниците кои работат во формалната едукација, како и едукацијата за човекови права. Кај младите и нивните организации постои евидентна потреба да се разјаснат овие поими.

Од 2000 година, Советот на Европа активно учествува во европската програма за образование за човекови права на младите луѓе, а 2005 година ја прогласи за Европска година за граѓанското образование. Прирачникот за човекови права ”Компас”, напишан од мултидисциплинарен тим на автори, дава значаен придонес кон оваа програма. ”Компас” не нуди готови решенија за борба против кршењето на човековите права, но предлага различни креативни начини како младите луѓе, како и оние кои работат со нив, да научат да ги препознаваат и да делуваат против прекршителите на човековите права.

"Компас" презентира различни концепти, значајни за едукацијата за човекови права, како и практични активности и методи за употреба и во формалната и во неформалната едукација. Изграден врз акумулирано искуство од неформалната едукација и младинска работа, прирачникот е базиран на искуствено учење и обезбедува рамка за развивање на способностите, компетенциите и ставовите на младите луѓе во врска со едукацијата за човекови права.

Компас е преведен на повеќе јазици, а издавањето на овој прв труд од областа на човековите права на македонски јазик е реализирано од страна на Универзитетот ”Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Советот на Европа, Директоратот за млади и спорт - во рамките на Младинската програма за едукација за човекови права, го поддржа овој национален тренинг курс. Денес, со оглед на моменталните случувања кои се однесуваат на градењето култура на мирот и човековите права, се бара и е потребен еден повидлив, експлицитен и посовесен пристап кон едукацијата за човекови права, со посебен акцент на работата против расизмот, дискриминацијата и социјалната кохезија.

Целиот курс е дизајниран и ќе биде спроведен во согласност со принципите и со користење на содржините на прирачникот за човекови права "Компас" .

Почетната точка на овој курс е да ги поттикне присутните да се фамилијаризираат со поимите "*човекови права*" и "*едукација за човекови права*", да се зголеми свесноста за нив и нивното вистинско значење. Од нив се очекува да научат како да го користат "Компас", да го промовираат во средината од каде доаѓаат и да ги адаптираат темите и содржините во нивната работа .

## Општи цели на курсот

Овој курс има за цел да го приближи "Компас" до сите учесници, да ја направи едукацијата за човекови права пристапна и корисна за едукаторите, фацилитаторите, лидерите, учителите, волонтерите и тренерите кои се активни во образовните активности со млади луѓе.

## Посебни цели

- Да се продлабочат знаењата и способностите на учесниците;
- Да се создадат услови и да се фокусира текот на курсот кон развојот на соодветни компетенции кај учесниците во клучните концепти при работата со човекови права и едукацијата за човекови права со млади луѓе;
- Да се оспособат да делуваат како едукатори при едукацијата за човекови права, употребувајќи го "Компас", да го запознаат "Компас" и неговата употреба во локален контекст;
- Да ги истражуваат спецификите на неформалното и формалното образование, користејќи го Компас;
- Приспособување на наученото во локални рамки и поттикнување на нов иновативен пристап кој би функционирал во средината од каде доаѓаат;
- Презентирање на образовни пристапи базирани на искуствено учење;
- Понатамошно развивање и проширување на мрежата на тренери/едукатори за едукација за човекови права во Македонија, кои ќе го користат "Компас".

## Програма

Деталната предлог програма е дадена како додаток.

## Профил на учесниците

Овој курс е дизајниран за учесници кои се или делуваат како:

- Тренери активни во неформалната едукација, посебно во младинските организации и здруженија, во активностите со младинска работа или во други НВО кои имаат врска со едукацијата за човекови права;
- Наставници / професори активни во формалниот образовен систем;
- Поединци кои се активни во полето на човековите права (професионално или волонтерски) или кои се заинтересирани за овие теми.

Сите учесници треба:

- Да бидат мотивирани за развивање на нивното знаење и компетентност во едукацијата за човекови права;
- Да го поделат нивното искуство со другите учесници;
- Да имаат искуство во работата како тренери или едукатори со млади луѓе, за кои овој курс е особено наменет;
- Да се обврзат дека ќе го посетуваат курсот, од почетокот до крајот и дека ќе бидат поддржани од некоја организација, институција или служба, освен ако поинаку не се договориле со организаторот.

При селекцијата предност ќе имаат младите кандидати од НВО кои работат во областа на човековите права и унапредување на граѓанското општество и наставници кои работат во училиштата , а имаат желба да ја вклучат едукацијата за човекови права во нивните активности. Акцентот ќе биде ставен на младите активисти на возраст од 20-35 години и наставниците кои го предаваат предмети во кои се застапени содржини во корелација со човековите права (Граѓанска култура, Основи на демократијата и сл .)

## Процедура за аплицирање и селекција на учесниците

Сите кандидати мора да аплицираат користејќи ја приложената апликација. Апликациите мора да бидат испратени до Центар за човекови права "АМОС" - Битола, заедно со писмото на поддршка од организацијата или институцијата која ги испраќа.

Подготвителниот тим ќе одбере 30 учесници врз основа на зацртаниот профил, даден погоре, и ќе обезбеди балансирана група (етничка припадност, пол, географски региони, различни видови на искуства, културен background и различни организации / институции). Доколку се јави потреба, ќе биде формирана и листа на чекање. Кандидатите ќе бидат информирани дали нивната апликација ќе биде прифатена, одбиена или ќе биде ставена на листа на чекање, до втората половина на октомври 2006. Одбраните кандидати ќе ја добијат документацијата од курсот директно од Центар за човекови права "АМОС" - Битола.

## Краен рок за аплицирање

Апликацијата мора да биде испратена до Центар за човекови права "АМОС" - Битола до **5 октомври 2006 година**.

## Тим на тренери

Курсот е дизајниран и ќе биде воден од тим на искусни тренери со различни искуства. Тие ќе бидат дополнети од експерти за специфичните области од овој курс.
Тимот на тренери го сочинуваат:

- **Луција Поповска,** тренер од Пул на тренери од Совет на Европа
- **м-р Сашо Кочанковски,** тренер и организатор на Национален Тренинг курс за едукација за човекови права со млади луѓе, 2003
- **Билјана Темелкова,** тренер и организатор на Национален Тренинг курс за едукација за човекови права со млади луѓе, 2003
- **Алберт Хани,** тренер и обучувач од Центар за менаџмент на конфликти
- **Лилјана Кочанковска,** тренер и организатор на Национален Тренинг курс за едукација за човекови права со млади луѓе, 2003
- **Мирче Ѓоревски,** тренер и организатор на Национален Тренинг курс за едукација за човекови права со млади луѓе, 2003

## Финансиски и практични услови за учесниците

### Патни трошоци

Патните трошоци ќе бидат подмирени во висина на вредност на автобуски билет во два правца.

### Сместување

Сместувањето и храната ќе бидат обезбедени и покриени од Центар за човекови права "АМОС" - Битола. Тренингот е планирано да се одржи во хотел "Битола" - Битола..


**ЦЕНТАР ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА "АМОС" Битола**
Скоевска 114
7000 Битола
Тел: 047 252 307
Факс: 047 252 307
e-mail: amos@amos.org.mk
**http://www.amos.org.mk/ntc-hre-2006**
**Лице за контакт: м-р Сашо Кочанковски**
мобилен: 070 549 205